# Вовед во Facebook

**Facebook ви овозможува да комуницирате и да ги споделувате вашите мисли, фотографии и видеозаписи со пријателите и семејството низ целиот свет. Ајде да научиме малку повеќе за него, вклучувајќи и како да создадете сметка и да управувате со поставките за приватност и безбедност.**

## Што е Facebook?

Facebook е најголемата електронска платформа за социјални медиуми во светот. Нејзините корисници можат да ги **споделуваат (Share)** нивните мисли, фотографии и интереси со само неколку лица, со сите нивни пријатели, па дури и со целиот свет. Кога споделувате нешто на Facebook, тоа се нарекува **Објава (Post)**.

Луѓето го користат Facebook за:

- да бидат во допир со семејството и пријателите, дури и со оние што се далеку
- да се поврзат повторно со лица од минатото
- да бидат во тек со авантурите од патувањата на нивните деца, пријатели и останатите сакани лица
- да се поврзуваат со истомисленици во заедницата и во странство
- да се приклучуваат во групи со исти интереси и хобија
- да бидат во тек со новините и тековните случувања.

facebook

Facebook е најголемата платформа за социјални медиуми во светот.

## Како да создадете сметка на Facebook

Почетокот со Facebook е лесен и бесплатен. Можете да почнете така што ќе создадете **сметка на Facebook (Facebook account)**. Еве како:

1. Најпрво, треба да ги имате при рака информациите што ќе ви требаат: име и презиме, адреса на е-пошта или број на мобилен телефон и други лични информации за вас (на пр., датум на раѓање и пол).

# Вовед во Facebook

2. Во веб-прегледувачот посетете ја адресата [www.facebook.com](http://www.facebook.com) и кликнете на копчето **Создај нова сметка (Create New Account)**. Потоа, пополнете го образецот и кликнете на копчето **Пријави се (Sign Up)**.

3. Во тој последен чекор ќе создадете **лозинка (password)**. За да бидете безбедни, важно е да создадете силна лозинка, што вклучува комбинација од букви, бројки и знаци. Можете да дознаете повеќе како да создадете силна лозинка во курсот Managing passwords.




Дадете лични детали за да создадете сметка на Facebook

4. Facebook ќе ви прати е-пошта со безбедносен код за да го потврдите вашиот идентитет. Следете ги упатствата во е-поштата и вашата сметка на Facebook ќе се создаде речиси веднаш. Штом ќе ја видите почетната страница на Facebook во веб-прегледувачот, можете да почнете да додавате информации за себе и да наоѓате лица на Facebook што можеби ги познавате.

5. Секогаш кога сакате да се најавите на сметката на Facebook, внесете facebook.com во веб-прегледувачот, кликнете на името на сметката и внесете ја лозинката.

## Како да ги контролирате поставките за приватност

Можете да имате голема контрола врз вашата безбедност и приватност на Facebook. Постојат поставки што ви овозможуваат да контролирате кој може да ги гледа вашите детали и објави и кој може да врши интеракција или да коментира на вашите **Навестувања на Facebook (Facebook Feeds)**. Еве како можете да ги приспособите овие поставки:

- Кога создавате сметка на Facebook, таа е **јавна (Public)**, па сите може да ја гледаат. Можете да ја измените во **приватна (Private)**, па така, вашата сметка ќе можат да ја гледаат само вашите **пријатели (Friends)** на Facebook. Кликнете на стрелката насочена надолу што се наоѓа во горниот десен дел на екранот на Facebook, кликнете на **Поставки (Settings)** и потоа кликнете на **Приватност (Privacy)** во левата колона. Тогаш ќе можете да ги видите вашите активности и други информации за контакт. Кликнете на **Уреди (Edit)** што се наоѓа до ставката што сакате да ја измените.




Поставките за приватност ви овозможуваат да контролирате кој може да ги гледа вашите детали и објави

# Вовед во Facebook

- Можете да поставите кој може да ги гледа вашите објави како: **јавни (Public)**, сите пријатели, ограничен број пријатели, или, можете да ги чувате целосно приватни, само за себе.
- Исто така, можете да контролирате кој ви праќа **Барања за пријателство (Friend Requests)**, кој може да го гледа вашиот список со пријатели, па дури и кој може да ве пребарува користејќи го вашиот телефонски број или адреса на е-пошта.
- Тука можете да ги разгледате и разните останати поставки. Запомнете, можете да ги повратите поставките во почетната позиција, ако нешто не ви се допаѓа. Исто така, добра идеја е да се навраќате одвреме навреме на овие поставки, за да обезбедите дека ви ја овозможуваат приватноста и безбедноста што ја сакате.




Разгледајте ги поставките за приватност за да помогнете да се обезбеди вашата безбедност

## Како да поставите слика на профил

Еден начин да го персонализирате вашиот профил на Facebook е да додадете **слика на профил (profile photo)**. Кога објавувате или коментирате на нечии други објави на Facebook, вашата фотографија ќе се приложува, па така, луѓето ќе можат да гледаат кој објавува или коментира. Еве како да додадете фотографија на профил:




Персонализирајте ја вашата страница на Facebook со Слика на профил и Насловна фотографија

1. кликнете на вашето име во горната лента на менито на Facebook за да ја отворите страницата на вашиот **Профил (Profile)**.
2. Поминете со глувчето преку малечката кружна слика во близина на горниот дел на страницата и кликнете на **Ажурирај (Update)**.
3. Кликнете на **Постави слика (Upload Photo)** за да увезете фотографија од вашиот компјутер или изберете некоја што веќе сте ја додале на Facebook.
4. Ако сакате, можете да ја украсите вашата фотографија ако кликнете на **Додај рамка (Add Frame)** и можете, исто така, да кликнете на фотографијата за да ја **Потсечите (Crop)** на големината што ви одговара. Потоа, кликнете на **Зачувај (Save)**.
5. Исто така, можете да ја ажурирате вашата **Насловна фотографија (Cover Photo)** од лентата што се наоѓа попреку горниот дел на страницата на профилот ако кликнете на **Додај насловна фотографија (Add Cover Photo)**.